Универзитетски гласник

*Издавач*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

*Уредник на издавачката дејност на УКИМ*
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

*Уредник на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска, генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска

**О Д Л У К А**
**за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Земјоделски институт – Скопје**

Врз основа на член 10, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), како и член 50, точка 13 од Статутот на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 452/2019), Научниот совет, на својата 135. седница одржана на 26.11.2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Земјоделски институт – Скопје

### I Општи одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Земјоделски институт – Скопје (во понатамошниот текст: Одлуката), се уредуваат основите за стекнување и начинот на распределување на вкупниот приход на Земјоделскиот институт во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Институтот).

**Член 2**

За вршење на својата дејност, Институтот обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија (буџетска сметка) и од други извори определени со закон (сопствени сметки).

Средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија се трошат/реализираат според критериумите и намената утврдени од надлежното министерство, орган и сл.

Средствата добиени од други извори на сопствените сметки се стекнуваат и се распределуваат според оваа одлука и според другите општи акти на Универзитетот и на Институтот.

### II. Основи за стекнување на приходи

**Член 3**

Институтот стекнува приход врз основа на:

- вршење научноистражувачки услуги;
- вршење образовни услуги;
- вршење применувачки услуги;
- школарина и други извори.

### II.1. Стекнување на приход врз основа на научноистражувачки услуги

**Член 4**

Институтот стекнува приход од врз основа на научноистражувачки услуги од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- меѓународни институции и организации;
- други извори.

### II.2. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги

**Член 5**

Институтот стекнува приход од вршење образовни услуги на додипломски студии на други високообразовни установи (единици во состав на Универзитетот и други универзитети).

Приходот од вршење образовни услуги на додипломски студии на други високообразовни установи се стекнува врз основа на актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот), актите на Институтот и договорите со високообразовните установи.

**Член 6**

Институтот стекнува приходи и од школарината што ја плаќаат студентите запишани на втор циклус студии.

Приходот од став 1 на овој член се стекнува врз основа на конкурс за запишување студенти на Универзитетот.

**Член 7**

Институтот стекнува приход врз основа на вршење други образовни услуги, како:

- курсеви за стекнување на специфични стручни знаења;
- форми на усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои не се сметаат за студии;
- перманентно образование;
- семинари, работилници, симпозиуми и сл.;
- други образовни услуги.

**II.3. Стекнување приход врз основа на вршење применувачки услуги**

**Член 8**

Институтот стекнува приход врз основа на вршење применувачки услуги од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- други извори.

**II.4. Приходи кои Институтот ги води на посебни сметки**

**Член 9**

Институтот стекнува приход кои ги води на посебни сметки и врз основа на:

- меѓународни научноистражувачки проекти;
- фондови и фондации и сл. (ако е утврдено со договорот);
- закупнина;
- продажба на расходовани основни средства, ситен инвентар и др.;
- легати, подароци, завештанија и прилози и донации (ако е утврдено со договорот);
- други остварувања.

**III. Планирање на стекнувањето и распределбата на вкупниот приход**

**Член 10**

До крајот на календарската година, Институтот донесува годишен финансиски план за вкупните приходи и нивното користење за наредната година (во понатамошниот текст: годишен финансиски план).

Годишниот финансиски план се разработува по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки.

**IV. Распределба на приходот**

**Член 11**

Вкупните приходи што ги остварува Институтот се распределуваат на следниов начин:

- за материјалните и нематеријалните трошоци на работењето;
- за плати, надоместоци на плата, надоместоци на трошоци поврзани со работа на лицата во работен однос со полно и скратено работно време на Институтот;
- за остварување на интегрираните и други дејности на Универзитетот се издвојуваат средства од приходите согласно со Статутот на Универзитетот;
- за оспособување и усовршување на кадрите за научноистражувачката работа, осовременување на научно-истражувачката инфраструктура, како и за инвестиции и инвестициско одржување согласно со годишниот финансиски план на Институтот;
- за надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски на лица во работен однос со полно работно време на Институтот;
- за надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски на лица во работен однос со скратено работно време на Институтот;
- вонредни расходи;
- друго.

Приходите настанати од член 6 на оваа одлука се распределуваат исто како став 1, алинеја 1 од овој член.

**Член 12**

Приходите стекнати по основ на образовни услуги на прв циклус студии на други високообразовни установи се распределуваат на следниов начин:

- 20 % за Институтот;
- остатокот се распределува за наставни активности (наставници, соработници, лаборанти и др.) во согласност со Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Институтот.

**Член 13**

Приходите стекнати по основ на реализација на втор циклус студии и изведување настава на други високообразовни установи се распределуваат на следниов начин:

- 30 % за Институтот;
- остатокот се распределува за наставни активности (наставници, соработници, лаборанти и др.), во согласност со Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Институтот.

**Член 14**

Приходите стекнати по основ на научноистражувачки услуги се распределуваат со одлука на директорот, по предлог на раководителот на проектот согласно со финансовиот план на проектот.

**Член 15**

Приходите стекнати од применувачката дејност врз основа на договорни стручни услуги се распределуваат на следниов начин:

- при реализација на применувачка дејност, врз основа на договорни стручни услуги, 20 % од нето приходите се распределуваат за Институтот, а остатокот се распределува за учесниците во согласност со Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Институтот;
- трошоците за реализација на применувачките услуги се исплаќаат по предлог на носителот на применувачката услуга. Решение за исплата носи директорот.

**Член 16**

Приходите стекнати од јавни овластувања и лабораториски анализи се распределуваат:

- 40 % за Институтот, а остатокот за покривање на материјалните трошоци и унапредување на научноистражувачката дејност и инфраструктура на соодветните одделенија и лаборатории.

**Член 17**

Приходите стекнати по други основи се распределуваат со посебни одлуки на Институтската управа.

**Член 18**

Доколку предвидените средства за определена намена не бидат искористени во тековната година, со одлука на Институтската управа тие можат да се пренаменат.

**V. Преодни и завршни одредби**

**Член 19**

За сè што не е предвидено во оваа одлука се применуваат одредбите од законот, Колективниот договор, како и другите прописи и акти на Универзитетот и на Институтот кои ја регулираат оваа материја.

**Член 20**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Земјоделски институт – Скопје (Универзитетски гласник бр. 208/2012).

**Член 21**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д и р е к т о р**
**Проф. д-р Виктор Ѓамовски, с.р.**